РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 03-1971/1
19.04.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До:** Радиодифузерите кои се во Регистрите на ДИК за ППР

**За:** Управителите/директорите и одговорните уредници


Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје


**Предмет: Известување во врска со доставата на медиа планови**

Почитувани,

Врз основа на нашата досегашна комуникација поврзана со емитувањето платено политичко рекламирање, би сакале да ве известиме дека:

- во континуитет констатираме многу грешки во медиа плановите што ги доставувате;
- голем број од вас не го користат образецот на ДИК за дневен медиа план;
- многу од медиа плановите се комплетно нечитливи, затоа што доаѓаат во скенирана форма; и
- понатаму се доцни со нивната достава, што пак влијае на проверката на податоците.

Имајќи предвид дека од 18 април започна и емитувањето платено политичко рекламирање за Парламентарните избори, како и тоа дека наскоро ќе треба да ги потврдиме вашите извештаи за реализирани услуги за првиот круг од Претседателските избори, би сакале да ве замолиме:

- за медиа плановите да го користите исклучиво образецот на ДИК;
- да ги испраќате по нивната реализација, односно откако ќе ги проверите и поправите врз основа на тоа како било емитувано рекламирањето;
- да ги доставувате како Excel фајлови, нескенирани, за полесна обработка;
- насловот на секој Excel фајл да го содржи името на медиумот, датумот и нарачателот за кој се однесува.

Срдечен поздрав,

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
Директор,

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ